**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОЧО РАЦИН“- НОВ ДОЈРАН**

# Правилник за награди и пофалби на ученици и ментори

Август 2021

Врз основа на одредбите на Правилникот за оценување, видовите на пофалби и награди за учениците во основното училиште, Наставничкиот совет на ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, на седницата одржана на ден 31.08.2021 година донесе

# ПРАВИЛНИК

За видовите на пофалби и награди за учениците и менторите во ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран

## ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби и награди за учениците и менторите во училиштето и се уредува начинот на нивното доделување или изрекување.

**Член 2**

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците и менторите, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно-образовната дејност.

**Член 3**

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, наставник-ментор, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

**Член 4**

Пофалбите и наградите се однесуваат за натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН за афирмација на училиштето.

**Член 5**

Ученик се пофалува и наградува ако се истакнува со континуирано залагање и напредување во наставата:

- Континуирано залагање и напредување во наставата;

- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности; (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично).

- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;

- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.)

**Член 6**

Пофалби и награди се доделуваат на паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

**Член 7**

Пофалби и награди се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари, како и група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него).

**Член 8**

Според конкурсот, потребни се следниве документи:

- Добиени награди на ниво на училиште, општинско ниво, градско, (регионално), државно, меѓународно);

- Потврди за учество;

- Признанија и благодарници;

- Документ со кој што ќе се докаже дека учествувал во слободните ученички активности;

- Доказ за најмал број на изостаноци;

**Член 9**

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба ја донесува Одделенскиот, односно Наставничкиот совет по предлог на Комисијата за пофалби и награди. Комисијата за пофалби и награди треба да има 5 члена од редот на наставниците и по еден преставник ученик од секоја паралелка од 8 и 9 одделение.

**Член 10**

Пофалбите се доделуваат усно или писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга културно-уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за екскурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, некој предмет и сл.)

**Член 11**

Наставник/ци за наградување може да предложи:

- Директор

- Стручна служба

- Наставници од ООУ

- Ученици

- Родители

**Член 12**

Критериуми кои треба да ги поседува наставникот/наставниците на ниво на училиште за да се награди се:

- да има одреден временски период поминато во воспитно-образовната дејност

- да се истакнува со својата љубов кон работата и со својот ентузијазам кон учениците

- да се истакнува со сцојот лик на наставник меѓу учениците, родителите и општествената средина

- да вложува во својот професионален развиток и одговори на барањата на новите наставни планови и програми, на новата наставна методологија

- да развива позитивен дијалог и соработка меѓу колективот во училиштето (почитување, разбирање, одговорност, тимска работа)

- да има учествувано со учениците на натпревари и освоени награди (општиндки, регионални, државни, меѓународни)

- да има оставрено резултати во слободните ученички активности (освоени дипломи, признанија, благодарници и др.)

- да учествува во реализација на проекти, едукативни семинари, обуки и здобиени сертификати

- да зема учество и доследно да го претставува училиштето на манифестации, медиумски претставувања, стручни расправи, научни собири, лични трудови, и сл.

- да е активен и исполнителен во дадените задачи кои го афирмираат училиштето и неговата личност

**Член 13**

Предлозите се доставуваат до Училишната комисија составена од 6 члена: Директор, еден претставник од стручната служба, еден одделенски наставник, еден предметен наставник, еден член од Советот на родители и еден член од Училишниот одбор.

**Член 14**

Наставничкиот совет ги избира наставниците-членови на Училишната комисија. Советот на родители одредува еден член и Училишниот одбор одредува еден член.

**Член 15**

Обврски на Училишната комисија се:

- да ги прими предлозите

- да ги провери податоците од педагошката евиденција, да го разгледа професионалното досие на предложените наставници, неговите дипломи, признанија, сертификати, трудови и сл.

- да избере наставник/ци кој/кои ќе го/ги награди

- еден месец пред истакнување на наставникот/ци кој/кои ќе биде/бидат наградени да го утврди видот на наградата и да го предложи на Наставничкиот совет

## Член 16

Наградата за менторот е парична и се однесува на највисокиот постигнат успех, а ќе биде обезбедена од планираните средства за таа намена од тековниот буџет или буџетот за наредната година.

## Член 17

Висината на наградата ја одредува наставничкиот совет на почетокот на секоја учебна година и ќе се доделува според следнава табела:

Табела 1 - освоена награда

| | Висина на награда | Општински натпревар | Регионален натпревар | Државен натпревар |
|---|---|---|---|---|
| Ученик/Ментор | | | | |
| Прванаграда | | / | 50% | 90% |
| Вторанаграда | | / | 40% | 80% |
| Третанаграда | | / | 30% | 70% |

Табела2 - ранг листа

| | Општински натпревар | Регионален натпревар (до 7 општини) | Регионален натпревар (над 7 општини) | Државен натпревар |
|---|---|---|---|---|
| Ученик/Ментор | | | | |
| Прво место | / | 45% | 60% | 100% |
| Второ место | / | 35% | 50% | 85% |
| Трето место | / | 25% | 40% | 75% |

Ученикот и менторот во случаевите кога **ранг листата** и **освоената награда** не се поклопуваат им следува поголемиот процент од **Правилникот за награди.**

## Член 18

Доделување на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето. Денот на свеченоста, односно денот на доделувањето на наградите, го определува Наставничкиот совет.

**Член 19**

Вообичаеното доделување на пофалбите и наградите се врши на патрониот празник на училиштето (03 Јуни), некој друг празник, крајот на полугодието или крајот на наставната година.

**Член 20**

За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето.

Претседател на Училишен одбор

Снежана Кортова